РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-3433/3
23-12-2021

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), постапувајќи по предмет оформен по доставена пријава по електронска пошта, на 57-та седница одржана на ден 17.12.2021 година донесе

**О Д Л У К А**

Постапката на ДКСК по предмет број 08-3137/1 од 09.09.2020 година, оформен по доставена пријава по електронска пошта, за прекршување на одредбите од член 82 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси од страна на ____________________, заменик министер за ____________________ во Владата на Република Северна Македонија, СЕ ЗАПИРА.

По разгледување на прибавените податоци од Централниот депозитар за хартии од вредност и податоците од анкетниот лист на ____________________, поднесен по избор на функцијата заменик министер за ____________________ во Владата на Република Македонија, ДКСК утвди дека наводите од пријавата не се потврдуваат и дека нема елементи за натамошно постапување на ДКСК во конкретниот предмет.

Оваа одлука во анонимизирана форма се објавува на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Предметот заведен под број 08-3137/1 од 09.09.2020 година е оформен по доставена пријава по електронска пошта во која се укажува дека лицето ____________________, во анкетниот лист поднесен до ДКСК по избор на функцијата заменик министер за ____________________во Владата на Република Северна Македонија, во делот хартии од вредност, за пријавените акции дал лажна вредност, односно дека вистинската вредност на акциите е за 6-7 пати повисока од пријаваната.

ДКСК, со цел утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, прибави податоци од Централниот депозитар за хартии од вредност.

По разгледување на прибавените информации и податоци од Централниот депозитар за хартии од вредност како и податоците пријавени во анкетниот лист на именуваниот, ДКСК

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

конснатира дека именуваниот ги пријавил акциите кои ги поседувал во моментот на поднесување на анкетниот лист.

Во однос на вредноста на акциите истите ги пријавил по нивната номинална вредност.

Со оглед на фактот што во упатството за пополнување на анкетниот лист е наведено дека како вредност на хартиите од вредност е наведено дека „се запишува номиналната вредност на хартиите од вредност изразена во денари" ДКСК заклучи дека нема елементи за натамошно надлежно постапување.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил:А.Ч., рак. на одделение
Одобрил: Н.Б., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**